**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МЕЛИОРАЦИИ И НАВОДНУВАЊЕ“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-РРИСТО Ѓ. КУКУТАНОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, бр. 1302-58/11 од 16.2.2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Илија Каров, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и
- д-р Милан Ѓеоргиевски, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

со задача да изготви и достави писмен извештај–рецензија на ракописот за учебник „МЕЛИОРАЦИИ И НАВОДНУВАЊЕ“, поднесен од авторот проф. д-р Ристо Ѓ. Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето и деталното прегледување на материјалот, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци заракописот:** Насловот на ракописот е „МЕЛИОРАЦИИ И НАВОДНУВАЊЕ”, предметот е со наслов МЕЛИОРАЦИИ И НАВОДНУВАЊЕ и се слуша во V семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 2+2+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Мелиорации и наводнувањеи ја опфаќа наставната материја за студиската програма за кој е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 365 страници, $A_1$ формат со нормален проред, во 15 тематски поглавја и повеќе потпоглавја, а содржи и 189 слики. Обемот на ракописот по содржина целосно ги исполнува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис со ист или сличен наслов досега не е објавен, така што постои реална потреба за објавување на поднесениот ракопис.

**Краток опис на содржината**: *Вовед,* каде е опишано значењето на мелиорации наводнувањето.

Во првиот дел е опишана хидрологијата - некои својства на водата, кружење на водата во природата и водениот биланс.

Исто така, објаснето е за хидрологијата на почвата - карактеристики на некои физички својства на почвата. Механички состав, структура, специфична маса, зафатнинска, порозност, пластичност и збиеност.

Во вториот дел е објаснето за хидрологијата на растенијата, дозволена состојба на влажноста на почвата, воден режим кај растенијата.

Во следното поглавје е објаснето за основите на хидраулика и хидрометријата.

Во третиот дел е објаснето за одводнувањето - негативните аспекти на прекумерното влажење на почвата, недостигот на воздух во почвата, смалувањето на микробиолошката активност, формирањето на плитка ризосфера и влијанието врз приносот кај земјоделските култури.

Во четвртиот дел е објаснето за начините за наводнување и нивната класификација, за површинското наводнување, подземното наводнување и новите технологии на наводнување.

Во петтиот дел се објаснети новите автоматизирани системи за наводнување. Исто така е објаснето и наводнувањето во заштитени простори.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од напред изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р **Илија Каров** и проф. д-р **Милан Ѓеоргиевски** констатира дека ракописот за учебникот „МЕЛИОРАЦИИ И НАВОДНУВАЊЕ“ пријавен од авторот проф. д-р Ристо Ѓ. Кукутанов е напишан според новата наставна програма за студентите од сите студиски програми на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и ќе биде од голема корист како на студентите за совладување на наставните содржини од истиот предмет, така и на пошироката јавност.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за **учебникот „МЕЛИОРАЦИИ И НАВОДНУВАЊЕ“од авторот проф. д-р Ристо Ѓ. Кукутанов** и истиот да го одобри за користење како **учебник**, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Илија Каров, редовен професор, с.р.**
**Д-р Милан Ѓеоргиевски, вонреден професор, с.р.**